# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

Број 11 Год. X1X 01 септември 2016 г. примерокот е бесплатен

www.opstinavasilevo.gov.mk opstina_vasilevo@yahoo.co.uk

Содржина: 43-та седница

**Совет на општина Василево**

1. **ПРОГРАМА** за измена и дополнување на Програмата за спорт, рекреација и манифестации на подрачјето на општина Василево.............................................................................................02

2. **ОДЛУКА** за одобрување на финансиски средства на ловечкото друштво “Фазан” Василево.......................................................................................................................................03

3. **ЗАКЛУЧОК** за давање согласност на Одлуката за утврдување на Комисија за прием на повеќе деца од проектираниот капациет на ЈОУДГ “Прва радост “Василево и утврдување на поблиските критериуми за прием на деца............... .................................................................04

**Градоначалник на општина Василево**

4. **РЕШЕНИЕ** бр 6/2016г за потреба од јавна набавка ........................................................04

5. **РЕШЕНИЕ** бр 6/2016г за потреба од јавна набавка ........................................................05

6. **РЕШЕНИЕ** бр 6/2016г за потреба од јавна набавка ........................................................06

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува Програмата за измена и дополнување на Програмата за спорт , рекреација и манифестации на подрачјето на општина Василево за 2016 година, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 31.08.2016 година

Бр.09–1636/2
31.08.2016г.
Василево

Општина Василево
Градоначалник
Ванчо Стојанов с.р.

--------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на општина Василево (Службен гласник на општина Василево бр. бр.04/03,08/06 и 09/10), Советот на општина Василево на својата седница одржана на 31.08.2016 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
за измена и дополнување на Програмата за спорт , рекреација и манифестации на подрачјето на општина Василево за 2016 година

Член 1

Во член 1 точка 1 се менуваат бројките 3.005.000 и гласи :

1.Основниот буџет на општина Василево средства во висина од 3.960.000 денари

Вкупно: 3.960.000 денари

Член 2

Во член 2 точка 1 се менуваат алинеа 11, 18,19,22, 23,24,27,28,29 и 30.

Во алинеа 11 се менува бројот 25.000 и гласи:

- ✓ Турнир во кошарка во с.Владиевци по повод верскиот празник Г.Богородица 40.000 денари;

Во алинеа 18 се менува бројот 100.000 и гласи:

- ✓ Средства за стимулација и наградување на талентирани спортисти 500.000 денари;

Во алинеа 19 се менува бројот 25.000 и гласи:

- ✓ Турнир во мал фудбал „ Илинден" Радичево 30.000 денари;

Во алинеа 22 се менува бројот 200.000 и гласи:

- ✓ Други манифестации кои се одржуваат во општина Василево од: 100.000 денари

Во алинеа 23 се менува бројот 1.805.000 и гласи:

Вкупно: 1. 675.000 денари

Во алинеа 24 се менува бројот 350.000 и гласи:

- ✓ Фудбалски клуб од Василево средства во висина од: 1. 685.000 денари;

Во алинеа 27 се менува бројот 100.000 и гласи:

- ✓ Сите спортски клубови во сите населени места во општината од: 50.000 денари

Во алинеа 28 се менува бројот 200.000 и гласи:

- ✓ Училишен спорт од: 50.000 денари

Во алинеа 29 се менува бројот 1.100.000 и гласи:

Вкупно: 2. 235.000 денари

Во алинеа 30 се менува бројот 100.000 и гласи:

Во текот на годината за спроведување на оваа програма ќе имаме потреба од ангажирање на надворешни лица за спреведување на сите манифестации во текот на годината средства во висина од: 50.000 денари

Член 3

Оваа програма стапува во сила осмиот ден по објавувањето во Службениот гласник на општина Василево.

Бр.08-1636/1 Совет на општина Василево
31.08.2016г. Претседател,
Василево Драги Митев с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Одлуката** за одобрување на финансиски средства на ловечкото друштво „Фазан " - Василево, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден 31.08.2016 година

Бр.09–1637/2 Општина Василево
31.08.2016г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

---------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на Општина Василево " бр.04/03,08/06, и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница одржана на 31.08.2016 година ја донесе следната,

**ОДЛУКА**
за одобрување на финансиски средства на ловечкото друштво „Фазан " - Василево

член 1

Со оваа Одлука Советот на општина Василево одобрува финансиски средства во износ од 35.000,00 денари на ловечкото друштво „Фазан " - Василево.

член 2

Средствата утврдени во член 1 се одобруваат на ловечкото друштво „Фазан " - Василево за организирање на традиционалниот турнир стрелање на глинени мети – дисциплина „ Трап „ од меѓународен карактер по повод 8-ми Септември денот на независноста на Република Македонија.

член3

Средствата ќе се исплатат на сметката на ловечкото друштво „Фазан " – Василево 250008000001876 депонент Шпаркасе Банка.

член 4

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Василево за 2016 година

член 5

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Василево.

Бр.08-1637/1 Совет на општина Василево
31.08..2016г. Претседател,
Василево Драги Митев с.р.

* * *

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02) член 39 став 1 од Статутот на општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр.04/03,08/06 и 09/10) го донесувам следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се прогласува **Заклучокот** за давање согласност на Одлуката за утврдување на комисија за прием на повеќе деца од проектираниот капацитет на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево и утврдување на поблиските критериуми за прием на деца - Детска градинка ,,Прва Радост” -Василево, што Советот на општина Василево го донесе на седницата одржана на ден **31.08.2016 година**

Бр.09–1638/2 Општина Василево
31.08.2016г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

-----------------------------------------------

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр 5/02), и член 21 точка 29 од Статутот на Општина Василево ("Службен гласник на ОВ" бр. 04/03,08/06 и 09/10 ), Советот на општина Василево на својата редовна седница донесе,

**ЗАКЛУЧОК**
за давање согласност на Одлуката за утврдување на комисија за прием на повеќе деца од проектираниот капацитет на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево и утврдување на поблиските критериуми за прием на деца - Детска градинка ,,Прва Радост” -Василево

1.Советот на општина Василево дава согласност на **Одлуката** за утврдување на комисија за прием на повеќе деца од проектираниот капацитет на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево и утврдување на поблиските критериуми за прием на деца - Детска градинка ,,Прва Радост” –Василево донесена од страна на Упрваниот одбор на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево.

2. Составен дел на овој Заклучок е и **Одлуката** за утврдување на комисија за прием на повеќе деца од проектираниот капацитет на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево и утврдување на поблиските критериуми за прием на деца - Детска градинка ,,Прва Радост” –Василево донесена од страна на Упрваниот одбор на ЈОУДГ ,, Прва радост ,, Василево

3. Овој Заклучок влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се објави во "Службени гласник на Општина Василево".

Бр.08-1637/1 Совет на општина Василево
31.08..2016г. Претседател,
Василево Драги Митев с.р.

* * *

Градоначалникот на Општина Василево врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки - Пречистен текст(,,Службен весник на РМ,, бр.27/15), член 50 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/02) и член 38 од Статутот на Општина Василево (,,Службен гласник на ОВ,, бр.04/03, 08/06 и 09/10), донесе

**РЕШЕНИЕ бр.17/2016**
**за потреба од јавна набавка**

Член 1

Со оваа Решение се утврдува потреба од јавна набавка на огревни дрва за потребите на ООУ Гоце Делчев Василево, ПУ-та на Гоце Делчев и ООУ Атанас Нивичански Нова Маала и ПУ-та на Атанас Нивичански за грејната учебна година 2015/2016.

Член 2

Набавката ќе се спроведе по постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас која започнува во хартиена форма а завршува со електронска аукција, во согласност со Законот за јавни набавки.

Член 3

Проценетата вредност на набавката е 1.200.000,00 денари без ДДВ и е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2016 година.

Член 4

Критериум за избор на најповолен понудувач е понуда со најниска цена:

- Цена 100 бода

**Член 5**

Постапката за набавката ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена, претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

**Член 6**

За претседател и заменик претседател се именуваат:

- Ристо Михаилов - претседател;
- Митко Јанев - зам.претседател;

За членови и нивни заменици се именуваат:

- Убавка Стојчева - член;
- Тони Ристов - зам.член;
- Ацо Митев -член;
- Велика Ѓоргиевска -зам.член.

**Член 7**

Оваа Решение влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево“.

Бр.09–1401/1 Општина Василево
27.07.2016г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

* * *

Градоначалникот на Општина Василево врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки - Пречистен текст(„Службен весник на РМ„ бр.27/15), член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/02) и член 38 од Статутот на Општина Василево („Службен гласник на ОВ„ бр.04/03, 08/06 и 09/10), донесе

**РЕШЕНИЕ бр.18/2016**
**за потреба од јавна набавка**

Член 1

Со оваа Решение се утврдува потреба од јавна набавка на горива за лесни возила и нафта за парно греење за потребите на единицата на локалната самоуправа - општина Василево за период од 1 (една) година (сукцесивна набавка) .

Член 2

Набавката ќе се спроведе по постапка со барање за прибирање на понуди со објавување оглас која започнува во хартиена форма а завршува со електронска аукција, во согласност со Законот за јавни набавки.

Член 3

Проценетата вредност на набавката е 1.392.400,00 денари □□ ДДВ и е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2016 година.

Член 4

Критериум за избор на најповолен понудувач е понуда со најниска цена:

- Цена 100 бода

Член 5

Постапката за набавката ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена, претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

Член 6

За претседател и заменик претседател се именуваат:

- Ристо Михаилов - претседател;
- Митко Јанев - зам.претседател;

За членови и нивни заменици се именуваат:

- Убавка Стојчева - член;
- Велика Ѓоргиевска - зам.член;
- Ацо Митев -член;
- Зора Коларова -зам.член.

Член 7

Оваа Решение влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Василево“.

Бр.09–1590/1 Општина Василево
24.08.2016г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.

* * *

Градоначалникот на Општина Василево врз основа на член 28 од Законот за јавните набавки - Пречистен текст(„Службен весник на РМ„ бр.27/15) и член 38 од Статутот на Општина Василево (‘’Службен гласник на ОВ’’ бр.04/03, 08/06 и 09/10), донесе

**РЕШЕНИЕ бр.19/2015**
**за потреба од јавна набавка**

Член 1

Со оваа Решение се утврдува потреба од јавна набавка на прехранбени артикли, пијалоци и средства за хигиена за потребите на органите и општинската администрација на општина Василево за период од 1 (една) година (сукцесивна набавка).

Член 2

Набавката ќе се спроведе по постапка со барање за прибирање на понуди без објавување оглас, во согласност со Законот за јавни набавки.

Член 3

Проценетата вредност на набавката е 300.000,00 денари и е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2016 година.

Член 4

Критериум за избор на најповолен понудувач е понуда со најниска цена:

- Цена 100 поени

Член 5

Постапката за набавката ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во Општина Василево составена од 3 (три) члена, претседател и двајца членови на комисијата како и нивни заменици.

Член 6

За претседател и заменик претседател се именуваат:

- Ристо Михаилов - претседател;
- Митко Јанев - зам.претседател;

За членови и нивни заменици се именуваат:

- Убавка Стојчева - член;
- Тони Ристов - зам.член;
- Ацо Митев -член;
- Велика Ѓоргиевска -зам.член.

Член 7

Оваа Решение влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во ‘’Службен гласник’’ на Општина Василево“.

Бр.09–1601/1 Општина Василево
25.08.2016г. Градоначалник
Василево Ванчо Стојанов с.р.